# Употребата на струјата за греење е злосторство

**Извор Утрински Весник од 21.12.2011**



Битола - Употребата на електрична енергија за греење е злосторство, предупредуваат експертите за енергетска безбедност и климатски промени, што доаѓаат од срцето на Пелагонија, регионот каде што се наоѓа најголемиот енергетски капацитет во Македонија, РЕК-Битола. Од друга страна, политичарите сметаат дека социјалниот мир е причината поради која државата молчи за опасноста од големите загадувачи.

Во услови кога ресурсите се намалуваат, а климатските промени се' повеќе притискаат, драгоцената расположлива енергија мора да се користи рационално, порачуваат стручњаците. Во Македонија над 70 проценти од струјата се добива со употреба на фосилни ресурси - јаглен, додека Европа се ориентира кон обновливи извори на енергија. Во следните 20 години Македонија енергетската иднина ја гледа во лигнитот, за што се отвораат нови рудници, а недоволно се користи сончевата енергија и геотермалните води.

„Ако ја земеме расположливата енергија во РЕК од јагленот, на крај, како електрична енергија излегува само околу 30 проценти од таа расположлива енергија. Енергијата потоа дополнително се губи во мрежата за дистрибуција и до куќите доаѓа само некаде околу 20 до 25 отсто од вкупната енергија. И сега тие 20 проценти да ги користиме за греење, тоа е злосторство. За греење не мора да се троши електрична енергија“, предупредува професорот на Машинскиот факултет во Скопје, Ристо Цицонков.

Според професорот Цицонков, Македонија кубури со кадри што ќе ги следат светските трендови во практикувањето заштитни мерки од климатските промени. Таа состојба, според него, мора брзо да се менува за да не останеме на опашката на Европа.